*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

бр.04-3837/1
30.07.2024

Врз основа на членот 40-ј и членот 40-л став 4 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23), а во врска со членот 22 став (1) алинеја 6, став (5) и став (8) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), членот 22, членот 23 и членот 24 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/2019, 267/2020, 151/21, 288/21 и 111/23) и членот 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија бр.01-566/1 од 29.01.2021 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија бр.01-4692/1 од 14.11.2022 година и бр.01-4210/1 од 30.08.2023 година, Собранието на Република Северна Македонија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС број 1/2024**
**за вработување на 4 (четири) посебни советници во Собранието на Република Северна Македонија на определено време**

За потребите на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, заради извршување на посебни работни задачи, Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за вработување на еден посебен советник на определено време (до истек на мандатот на претседателот), за следното работно место:

**1.Посебен советник за стратешко планирање – 1 (еден) извршител во Кабинетот на претседателот на Собранието;**

Кандидатот треба да ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатот покрај општите услови потребно е да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено високо образование со најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки или Организациони науки (менаџмент);
- со или без работно искуство;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

За потребите на потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија, заради извршување на посебни работни задачи, Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за вработување на 2 (двајца) посебни советници на определено време (до истек на мандатот на потпретседателите), за следните работни места:

**2.Посебен советник на потпретседател на Собранието за економско и правно-политички прашања – 2 (двајца) извршители за потребите на потпретседателите на Собранието;**

Кандидатот треба да ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатот покрај општите услови потребно е да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено високо образование со најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки или Економски науки;
- со или без работно искуство;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

За потребите на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, заради извршување на посебни работни задачи, Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за вработување на 1 (еден) посебен советник на определено време (до истек на мандатот на генералниот секретар), за следното работно место:

**3.Посебен советник за соработка со невладини и граѓански организации и управување со проекти – 1 (еден) извршител за потребите на генералниот секретар на Собранието;**

Кандидатот треба да ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатот покрај општите услови потребно е да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено високо образование со најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Одбрана или безбедност;
- со или без работно искуство;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат наведените услови. Кандидатите кон пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите наведени во јавниот оглас, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

- доказ за државјанство;
- доказ за општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение не постаро од една година издадено од доктор специјалист по медицина на трудот);
- доказ дека не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (потврда од Централен регистар дека не е изречена прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност и должност, не постара од шест месеци);
- уверение/диплома за завршен степен на образование;
- доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија;
- доказ за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- кратка биографија со задолжително наведен контакт телефон и адреса.

Распоред на работно време:

- работни часови во неделата: 40.
- работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.
- работни денови: од понеделник до петок.

Како посебни услови за работа во кабинетот се предвидуваат: работа за време на неделен одмор, работа за време на празници утврдени со закон, заради извршување на итни и неодложни работи.

Паричниот износ на основната нето плата за работното место изнесува 63.906,00 денари.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време. Вработувањето на посебниот советник трае до истекот на мандатот на функционерот во Собранието на Република Северна Македонија.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи е 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Пријавата за огласот може да се преземе од веб-страницата на Собранието на Република Северна Македонија: www.sobranie.mk.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Собранието на Република Северна Македонија ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со членот 23 став 2 од Законот за работните односи. Постапката за вработување по овој јавен оглас ја спроведува Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Пријавите со потребната документација треба да се доставаат во затворен плик во Писарницата на Собранието на Република Северна Македонија или по пошта на следната адреса:

Собрание на Република Северна Македонија ул. „11 Октомври“ бр.10, Скопје, со назнака: „Оглас за посебен советник во Собранието на Република Северна Македонија.

Пријавите доставени преку пошта, треба да бидат примени во Писарницата на Собранието, најдоцна до денот на завршувањето на рокот на јавниот оглас.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Марина Димовска

Изработил: м-р Сашко Стаменков
Одобрил: Александра Кокиновска
Согласен: м-р Дејан Мојсоски